TRANSPARENCY INTERNATIONAL
MACEDONIA

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 14.09.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 41 | 7152/1 | | |

До

ЗДРУЖЕНИЕ ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ-МАКЕДОНИЈА
TRANSPARENCY INTERNATIONAL-MACEDONIA
Бр. 0302 - 1014 - 1
13.09 2016 год.
Скопје

**Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија**
**Адреса: Булевар Илинден бр.2**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

**ПРЕДМЕТ**: Доставување на предлози во функција на остварување на стратешки приоритети и приоритетни цели на Владата на Република Македонија за 2017 година

Почитувани,

Врз основа на повикот објавен од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија за придонес во подготвувањето на програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2017 година, Транспаренси Интернешнл – Македонија со задоволство би сакале да дадат свои допринос во процесот на подготовка на Програмата. За таа цел Ви доставуваме предлози кои се резултат од истражувањето на Националниот систем на интегритет во рамки на проектот: **"Зајакнување на Системот за национален интегритет во земјите од Западен Балкан и Турција и следење на развојот на анти-корупциските напори"**, спроведен од страна на Транспаренси Интернешнл-Македонија а финансиски поддржан од Европска унија и од Амбасада на Кралството Холандија.

Предлозите издвоени во писмото се сумираните препораки кои се однесуваат на извршната власт која беше предмет на истражување како еден од 15-те столбови кои го сочинуваат Националниот систем за интегритет.

Примерок од публикацијата на ова истражување ви доставуваме во прилог.

Со почит,

Д-р Слаѓана Тасева
Претседател
Транспаренси Интернешнл-Македонија

TRANSPARENCY INTERNATIONAL
MACEDONIA

**ПРЕДЛОЗИ за Програма на Владата на Р. Македонија за 2017 година**

-Владата треба да обезбеди јасен, ажуриран и јавен список на избрани и именувани функционери и службеници.

-Владата треба да обезбеди ефективни механизми за отчетност, интегритет и етичко однесување на министрите и функционерите на извршната власт.

- Владата треба да воведе алатки за граѓаните за да обезбеди увид и за да ја зголеми транспарентноста на јавното трошење.

- Владата треба да иницира и да достави до Собранието измени на Законот за јавни претпријатија во врска со законската обврска на јавните претпријатија за воспоставување антикорупциски програми.

- Владата треба да воспостави централизирана координативна единица што треба да известува во врска со јавните претпријатија (со опфат на финансиските показатели, вредноста на претпријатијата во државна сопственост, спроведувањето на политиката за државна сопственост, гласачките структури, членството во одборите на претпријатијата во државна сопственост, како и индивидуалното известување за најзначајните јавни претпријатија).

- Владата треба да воспостави централизирана интернет-страница со сите информации достапни за јавноста во врска со претпријатијата во државна сопственост.

- Владата треба да иницира и да достави до Собранието измени на Законот за јавни претпријатија во врска со законската обврска на јавните претпријатија за објавување на нивните структури на управување и

сопственост, како и за релациите со другите субјекти во државна сопственост, на нивните интернет-страници.

**ИНФОРМАЦИИ ЗА ИСПРАЌАЧОТ:**

**Транспаренси Интернешнл-Македонија**
Адреса: Наум Наумовски Борче бр. 58,
1000 Скопје
Република Македонија

**Автори на истражувањето:**

Главен истражувач: Д-р. Слаѓана Тасева
Раководител на проектот: Методи Зајков
Соработници во истражувањето: М-р Дона Димов Марковска, М-р Јулијана Караи
Надворешна контрола: Александар Кржаловски